РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-3102/1
22-10-2020 20 ___ год.viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, промет и услуги
СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05-1384/1
22 10 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 08.10.2020 година, на ден xx.xx.2020 година се склучува

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на стоки**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за производство, промет и услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште на Булевар 8-ми Септември бр.20/И-ДП1 Скопје застапувано од Владимир Стајиќ (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на стоки - Масло за горење-Екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1) за потребите на затоплување на Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно техничките спецификации содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.13382/2020.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цената за 1 (еден) литар масло за горење со одобрен рабат, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти е дадена во образецот на конечната понуда на Носителот на набавката од 16.10.2020 година, која е составен дел на овој Договор:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Артикал | Единица мерка | Највисока малопродажна цена за 1 (еден) литар масло за горење, согласно одлука на РКЕ, изразена во денари **без ДДВ** | Одобрен рабат на литар масло за горење, искажан во денари | Цена за 1 (еден) литар масло за горење изразена во денари без ДДВ, со одобрен рабат | ДДВ |
| МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ - ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ДОМАЌИНСТВО-1 (ЕЛ-1) | литар | 41,52 | 5,74 | 35,78 | 6,44 |
| Цена за 1 (еден) литар масло за горење изразена во денари без ДДВ, со одобрен рабат: 35,78<br>Со зборови: триесетипетденарииседумдесетиосумдени | | | | | |

Цената за 1 (еден) литар мсло за горење со одобрен рабат, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти,изнесува 35,78 **МКД (**триесетипетденарииседумдесетиосумдени**),** без вклучен ДДВ.

Во цената се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

Вкупната вредност на Договорот согласно Одлуката за јавна набавка од 14.09.2020 година не може да изнесува повеќе од 1.600.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 4

Носителот на набавката го врши фактурирањето по малопродажната цена на Масло за горење - Екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1), кои важи на денот на испораката.

Доколку за време на реализацијата на Договорот дојде до било каква промена во однос на највисоката малопродажна цена, фактурирањето ќе се врши по новите цени.

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 5

При реализација на договорот за јавна набавка се предвидува корекција на цените, односно цената искажана во понудата на најповолниот понудувач ќе биде предмет на промена во зависност од промената на највисоката малопродажна цена на нафтениот дериват, но дадениот рабат на цената за 1 (еден) литар масло за горење - екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1), изразен во денари, ќе биде фиксен за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Член 6

Како релевантен доказ за промената на највисоката малопродажна цена на нафтениот дериват, предмет на набавката, ќе се користи Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

## VI. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 7

Носителот на набавката е должен испораката на проценетите количини масло за горење - екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1) да ја изврши со автоцистерни со вградени баждарени протокомерачи, во три транши франко резервоар на центрите за вработување, според листата на локации содржана во техничките спецификации:

Проценета потрошувачка на масло за горење - екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1) за грејната сезона 2020/2021

| Ред. Бр. | Центар за вработување | Единица мерка | Проценета количина прва транша | Проценета количина втора транша | Проценета количина трета транша | Вкупна проценета количина |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ресен<br>*Маршал Тито б.б.* | литар | 2,000 | 1,000 | | 3,000 |
| 2 | Свети Николе<br>*Крсте Мисирков б.б* | литар | 2,000 | 2,000 | | 4,000 |
| 3 | Струмица<br>*1-ви Мај бр.36* | литар | 2,000 | 2,000 | | 4,000 |
| 4 | Тетово<br>*Благоја Тоска бр.23* | литар | 3,000 | 3,000 | 3,000 | 9,000 |
| 5 | Неготино<br>*Пекарев бр.5* | литар | 3,000 | 2,000 | | 5,000 |
| 6 | Пробиштип<br>*Миро Барага б.б.* | литар | 4,000 | | | 4,000 |
| 7 | Штип<br>*Гоце Делчев бр.91* | литар | 8,000 | | | 8,000 |
| | Вкупно | | **24,000** | **10,000** | **3,000** | **37,000** |

Првата транша треба да се испорача во рок од најмногу 15 дена од денот на склучување на договорот, а втората и третата транша сукцесивно до крајот на грејната сезона, односно до 15.04.2021 година, поради малиот капацитет на резервоарите за нафта на одделни центри за вработување.
Испораката се смета за извршена со потпишување на испратница од овластени лица на двете договорни страни, врз база на потврда – волуметарска белешка која Носителот на набавката му ја издава на договорниот орган.

Екстра лесното масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1) треба да го задоволува квалитетот на масло за горење согласно техничките спецификации, односно пропишан во најновиот Правилник за квалитет на течните горива и МКС Б.Х2.430 стандардот за квалитет на маслата за горење “или еквивалентно”.

| Гранични вредности на одделните карактеристики на екстра лесното масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1) во согласност со техничките барања и соодветните стандарди | | | |
|---|---|---|---|
| **Карактеристика** | **Единица мерка** | **Дозволени гранични вредности** | |
| | | **најмалку** | **најмногу** |
| Густина на 15°C | g/ml | | 0,860 |
| Дестилација до 370°C | % (v/v) | 85,0 | |
| Содржина на вкупен сулфур | % m/m | | 0,1 |
| Точка на палење | °C | 55 | |
| Содржина на вода и механички нечистотии | % (v/v) | | 0,15 |
| Содржина на кокс (Conradson) | % m/m | | 0,15 |
| Содржина на пепел | % m/m | | 0,02 |
| Кинематска вискозност на 40°C | mm²/s | 2,50 | 6,00 |
| Топлинска моќ | MJ/kg | 41,80 | |
| Точка на течење<br>16.04.-30.09. – летен период<br>01.10.-15.04. – зимски период | °C | | -1<br>-7 |
| Боја | | црвена | |

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Договорниот орган ќе врши исплата на фактурите на Носителот на набавката во рок од најмногу 15 дена, од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул.”Васил Ѓоргов” бр.43 - Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

За секоја испорака, фактурата мора да биде придружена со испратница, потпишана од овластени лица на двете договорни страни и изјава за сообразност на квалитетот на горивата пропишана со Правилникот за квалитет на течни горива (Службен Весник бр.88/07, 91/07, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08, 78/08, 156/08 и 81/09) и стандардот МКС Б.Х2.430:1999 за квалитет на масла за горење издадена врз основа на извештаи од испитување на горивото од страна на акредитирана лабораторија (акредитирана по EN ISO/IEC 17025).

## VIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Овој договор стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 8 месеци или до искористување на средствата од член 3 став 4 од овој Договор..

## IX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 10

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## X. ВИША СИЛА

Член 11

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 12

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.
Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 13

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 14

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган го определува лицето Гоце Петрушевски, вработен кај Договорниот орган, кој има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 15

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Директор
Билјана Јовановска

Марија Петровска
Раководител на Одделение за јавни набавки

Носител на набавката
**Друштво за производство промет, услуги СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз извоз Скопје**

Управител
Владимир Стајиќ